Врз основа на член 35 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М број 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; и 31/16) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните и правните лица од Општината Ѓорче Петров дека е донесена Одлука за организирање на повторна Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Урбанистички план за село Кисела Јабука, Општина Ѓорче Петров-Скопје.

**Површината на планскиот опфат изнесува 26,24ha**, во рамки на следните граници:

**На запад** границата на планскиот опфат се движи во северен правец по осовината на железничката пруга Г-Р (Скопје – Ѓорче Петров – Волково – државна граница), почнувајќи од точката 1.

**На север** границата започнува да се движи во југоисточен правец по северната граница на профилот на улицата „46", односно долж границата на КП4475 со КП3135/1, КП3140/10, КП3134, КП3133, КП3132 и КП3130; продолжува во североисточен правец долж северозападните граници на КП3127, КП3128 и КП3129; продолжува во југоисточен правец долж североисточните граници на КП3129, КП3126, КП3122 и КП3119; продолжува во североисточен правец долж северозападните граници на КП3338 и КП3339, па по североисточната граница на КП3339 и по северозападната граница на КП3341/2; потоа, движејќи се во југоисточен правец ги сече КП4445/1 и КП3085/5; продолжува во источен правец по северната граница на КП3082 (постојна улица), па по северната и источната граница на КП3084; потоа се движи во јужен правец по источната граница на КП3074; оттаму се движи источно, долж северните граници на КП3071, КП3069, КП3068, КП3067 и КП3066, КО Волково, Општина Ѓорче Петров.

**На исток** границата започнува да се движи во јужен правец, долж источната граница на КП3066, па продолжува по источлната граница на профилот на улицата „54", односно долж границата на КП4481 со КП3047, КП3048, КП3051, КП3052, КП3053/4, КП3054/1 и КП3056; оттаму продолжува по северната и источната граница на КП3059, па по северните граници на КП4400/2 и КП4400/3; продолжува во јужен правец долж источната граница на КП4400/3, па ја сече КП4402 (постојна улица) во западен правец; оттаму продолжува долж источните граници на КП4403, КП4410, КП4415, КП4416, КП4422 и КП4424, при тоа сечејќи ги КП4411 (постојна улица „24") и КП4420, КО Волково, Општина Ѓорче Петров (постојна улица „22").

**На југ** границата се движи во западен правец сечејќи ги КП4433/1 и КП4433/2, КО Волково, Општина Ѓорче Петров (постоен канал), сè до почетната точка на осовината на железничката пруга Г-Р (Скопје – Ѓорче Петров – Волково – државна граница).

Предлог планот има добиено Стручно мислење од комисијата за урбанизам на општина Ѓорче Петров, формирана со решение од Градоначалник, со број 26-1395/1 од 15.05.2015 година и согласно заклучокот од Извештајот од јавна анкета со образложение за прифатени и неприфатени забелешки за УПС Кисела Јабука, општина Ѓорче Петров, изготвен од стручна комисија формирана од Градоначалник на Општина Ѓорче Петров со решение, со број 09-1206/4 од 25.04.2016 година се спроведува повторна Јавна анкета и јавна презентација.

- **Повторната Јавната анкета ќе трае 5 работни дена од 18.07.2016год. до 22.07.2016год.** согласно објавата за организирање на повторна Јавна анкета и Јавна презентација во јавните гласила „Вест“ и "Утрински весник".
- **Во периодот на повторната јавна анкета планот ќе биде изложен во просториите на МЗ „ Кисела Јабука“, секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот.**
- **Планот ќе биде објавен на информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk,**
- **Повторната Јавна презентација за претставниците на јавните претпријатија и институции по** Предлог Урбанистички план за село Кисела Јабука, Општина Ѓорче Петров-Скопје, **ќе се одржи на 20.07.2016год. (среда) во 13 часот** во просториите на Одделението за спроведување на урбанистички планови при Општина Ѓорче Петров.
- **Јавната презентација на планот за заинтересираните граѓани и правни лица ќе се одржи на 20.07.2016год. (среда) во 15 часот,** во просториите на **МЗ „Кисела Јабука“.**
- Анкетните листови за учество во јавната анкета можат да се подигнат во **просториите на МЗ „ Кисела Јабука“ во тек на излагањето на планот.**
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат писмени забелешки на анкетните листови.

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски**

**Број 09-2059/2**
**од 12.07.2016 година**
**Скопје**